На крајот, свои сеќавања за Ангел Динев презентираат Илија Бајалски, Лазар Алацајков, Димитар Данаилов и Ангел Цеков.

Потребно е да истакнеме дека во публикацијава неоправдано се провлекле низа печатени грешки.

Симпозиумот и публикацијата посветени на Ангел Динев не значат само обично оддолжување на овој бескомпромисен борец на македонскиот национален индивидуалитет, но и прв сериозен напор за вреднување на оваа светла личност од нашето минато.

Димитар ДИМЕСКИ

**СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА ОД СЕПТЕМВРИ 1943 ДО 15 МАЈ 1945 ГОДИНА. Материјали од научниот собир „Струмица и Струмичко во НОВ од септември 1943 до 15 мај 1945 година", одржан во Струмица на 26 и 27 април 1982 година, Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ, Струмица 1983, 629).**

Како резултат од одржаниот научен собир „Струмица и Струмичко во НОВ од септември 1943 до 15 мај 1945 година", од 26 и 27 април 1982 година во Струмица, излезе од печат зборник на научни трудови под ист наслов, во кој се опфатени 45 реферати презентирани на споменатиот научен собир, на научни и општествени работници, како и сеќавања на живи учесници од НОВ во Струмица и Струмичко и пошироко.

Содржински зборникот е поделен на: Предговор (5—10), Отварање и воведен збор (11—20), Поздравни говори (21—28), Реферати и сеќавања (29—592), Дискусија (593—608) и Прилози (609—631) во кои се опфатени Регистар на лични имиња и Регистар на географски и народносни поими кои се среќаваат во рефератите.

Овој зборник посветен на НОВ во Струмица и Струмичко е втор по ред и се однесува на периодот од септември 1943 до мај 1945 година. Претходниот период од 1941 до септември 1943 година е опфатен во зборникот под ист наслов кој во себе ги опфаќа рефератите поднесени на истоимениот научен собир одржан на 15, 16 и 17 мај 1978 година во Струмица.

Прилозите и сеќавањата објавени во овој зборник не само што даваат свој придонес кон расветлувањето на поновата историја на овој крај, туку во него среќаваме драгоцени податоци кои можат да послужат како поткрепа за објаснување на историските настани од НОВ во цела Македонија. Тие даваат нови податоци и внесуваат свежина при реконструкција и уточнување на определени настани и активности кои беа пресудни за понатамошниот развиток на НОВ во овој крај и пошироко. Во таа смисла прилозите го опфаќаат растежот и дејноста на партиската, младинската и други напредни организации, создавањето и дејноста на партизанските воени единици, настанувањето и зацврстувањето на органите на народна власт и масовно-политичките организации, како и дејноста на окупаторот и неговиот државно-политички систем на окупира-

ните територии. Неколку трудови и сеќавања од зборникот се посветени на животот и дејноста на повидни револуционери од Струмица и Струмичко, кои одиграа пресудна улога во разгорот на отпорот против окупаторот.

Иако трудовите во зборникот не се средени проблемски или хронолошки, сепак истите може да се групираат во зависност од проблематиката што ја третираат. Рефератите посветени на развојот и дејноста на Комунистичката партија во Струмица и Струмичко во споменатиот период, иако бројчано не се многу, сепак во нив е опфатена скоро целокупната партиска дејност. Прилозите третираат проблеми сврзани со организација на партиската организација, партиските врски и канали, како и составот на организацијата. Одделни прилози се посветени на активноста на партиската организација во касарната во Струмица, како и поврзаноста на партиската организација од Струмица со партиската организација во Штип. Во тој контекст среќаваме опис на партиската техника која се применувала во споменатиот период при извршување на илегалната дејност.

Еден дел од трудовите во зборникот се посветени на организацијата и дејноста на Народноослободителните одбори во Струмица и Струмичко во периодот на формирање на народната власт на слободните и полуслободните територии. Проследено со изворни податоци и сеќавања повеќето од прилозите го следат развојниот пат на Народноослободителните одбори, како борбени органи кои ѝ служат на народноослободителната борба во рушење на старата и воспоставување на новата народна власт. Мошне значаен фактор во засилувањето на работата на народноослободителните одбори, е формирањето на редовниот Струмички народноослободителен одбор, кој одигра посебна улога во процесот на изградбата на народната власт во овој крај. Во таа смисла се одржани и првите слободни тајни избори за народни одборници на подрачјето на Струмичко.

За активноста, организацијата и развојот на напредното младинско движење во текот на НОВ во овој крај, зборуваат неколку прилози кои ја третираат оваа проблематика од неколку аспекти. Во периодот на втората половина на 1943 година, со доаѓањето на познатиот револуционер, активист и организатор на отпорот Благој Јанков -Мучето повторно заживува и се разгорува активноста на младинската и партиската организација. Во споменатиот период членовите на СКОЈ се наоѓаа во илегалност, работејќи во тешки услови. Главно тие имаа за задача да се запознаат со положбата на фронтовите кај нас и во светот, проучување на материјали добиени од страна на Благој Јанков-Мучето и од други места и развивање на широка активност во собирање на народна помош. Ваквата ситуација трае се до јули 1944 година, кога настана провала во организацијата и кога голем дел од активистите паднаа во затвор. Втор голем удар младинската организација доживеа со загинувањето на Благој Јанков-Мучето. Меѓутоа и покрај сите овие тешки моменти кои ги доживуваше младинската организација, истата најде сили и можности да се консолидира и да про-

должи со работата. Уште поголемо засилување на активноста младинската организација добива со формирање на Околискиот комитет на СКОЈ во октомври 1944 година.

Во прилозите посветени на СКОЈ се среќаваат анализи и податоци за дејноста на СКОЈ до конечното ослободување, и потоа, како и податоци за организационата и кадровската состојба.

Значајно место во зборникот заземаат прилозите и сеќавањата посветени на развојот и дејноста на партиските воени единици во Струмица и Струмичко. Во нив е опфатена активноста и организацијата на Струмичкиот партизански одред и посебно неговата улога при ослободувањето на Струмица. Одредени трудови донесуваат податоци за дејноста на IV македонска народноослободителна бригада бригада и нејзините операции за ослободување на Струмица, воените операции на 51 југословенска народноослободителна дивизија (Струмичка), како и опис на борбените дејства на единиците на НОВ во струмичкиот регион во периодот септември-ноември 1944 година.

Следната група на прилози во зборникот се посветени на дејноста на АФЖ ,учеството на турската народност од Струмичко во НОВ, како и прилози посветени на развојот и дејноста на првите повоени училишта на мајчин јазик и описменување на возрасното население преку аналфабетски курсеви. Неколку реферати се посветени на одразот на НОВ во народната и уметничката литература. Проблематиката сврзана со борбата против остатоците на окупаторот во овој крај и односот на бугарската отечественофронтовска армија по 9 септември 1944 година, е третирана во неколку прилози, кои ја разобличуваат дволичната улога на бугарската војска во текот на завршните операции за ослободување на Струмица и Струмичко.

Дел од прилозите објавени во зборникот се посветени на животниот пат и револуционерната дејност на повеќе видни револуционери од овој крај.

На крајот на зборникот се сместени дискусиите водени по изнесените реферати. Опфатени се пет дискусии на истакнати научни и општествени дејци, како и мислења на преживеани борци од овој крај.

Несомнено дека рефератите и сеќавањата во зборникот се интересни не само од историски аспект туку и други научни дисциплини можат мошне многу податоци да извлечат од истите. Иако секој прилог е посветен на определена проблематика од НОВ сепак сите заедно сочинуваат една целина која дава целосна слика на НОВ во овој крај во периодот од септември 1943 до 15 мај 1945 година.

Со објавувањето на зборникот се заокружува една целина на НОВ во Струмица и Струмичко, а воедно се дава нов придонес кон проучувањето на најновата македонска историја.

Марјан ДИМИТРИЈЕВСКИ